# Програма за е-учење

UCC
SIMPLICITY SERVICE SPEED
A MODERN FRAMEWORK FOR CUSTOMS AND TRADE

# Гаранција

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

На крајот од 60 минутниот курс, ќе научите:

- концептот на гаранцијата и зошто е потребна;
- што претставува задолжителна гаранција;
- што претставува општа гаранција, а што поединечна гаранција;
- како се утврдува референтниот износ и како се пресметува намалувањето на износот на гаранцијата;
- различните облици на гаранција што може да се обезбедат;
- процесите и постапките што се однесуваат на гаранцијата.

## 2 Што е гаранција?

- Гаранцијата е финансиско покритие за царинските давачки и останатите давачки што се привремено одложени.
- Гаранција се бара за **давачки** што **може да настанат** (пример, транзитна постапка) или **што настанале** (пример, пуштање во слободен промет)
- Гаранцијата е потребно да биде обезбедена во моментот на поднесување на царинската декларација за таа конкретна (царинска) постапка.
- Не се бара гаранција
  - во одредени ситуации,
  - од државните или останатите државноправни тела, за активности во кои тие делуваат како јавни органи, или
  - може да има откажување од гаранција кога износот на царините кои треба да се обезбедат е помал од € 1.000,

## 3 Поединечна и општа гаранција

### 3.1 Поединечна гаранција

- Поединечна гаранција е гаранција која опфаќа една операција. Тоа е стандарден случај.

## 3.2 Општа гаранција

- Општата гаранција го покрива царинскиот долг и останатите давачки за повеќе операциии може да се користи за подолг период на време.
- Потребно е да се поднесе барање за добивање одобрение за употреба на општа гаранција кај надлежниот царински орган: Со одобрувањето може да се овозможи употреба на намален износ (до 50% до 30%) или изземање од потребата од гаранција (до 0%).
    - Надлежен царински орган е царинската испостава каде се наоѓа седиштето на економскиот оператор и која ќе ја преземе улогата на гарантна царинска испостава.
    - Гарантната царинска испостава го определува целокупниот референтен износ поврзано со трошоците што можат да настанат или што настанале. за царинската постапка, како и дадениот износ на намалување на гаранцијата или откажување од истата.
    - Општо. колку поголемо ниво на намалување на гаранција се бара, толку повеќе се разгледуваат условите за добивање одобрение. Само ОЕОП може да добие намален износ на гаранција за трошоци што настанале (до 30%)
    - Гарантната царинска испостава го пресметува реалниот износ на гаранција што треба да се обезбеди.
    - Од моментот кога е обезбедена гаранција, гарантната царинска испостава го известува барателот за референтниот број на гаранцијата (РБГ) и шифрата за пристап.

# 4 Различни начини за обезбедување гаранција

Гаранциите може да бидат обезбедени во следните облици:

- Готовински депозит или кое било друго средство за плаќање прифатено од страна на царинскиот орган како еквивалент на готовинскиот депозит. Ќе биде издадена во согласност со одредбите што се во сила во земјата членка во која е побарана гаранција.
- Гаранција дадена од гарантот.
- Друг облик на гаранција што обезбедува еднаква сигурност дека давачките ќе бидат платени. Но, зависи од тоа дали земјата-членка каде гаранцијата е поднесена, ги прифаќа другите облици на гаранција.
- Доколку гаранцијата е недоволна, царината може да побара од должникот да обезбеди дополнителна гаранција или да ја замени првично доставената со нова, соодветно на неговиот избор.

# 5 Управување со гаранција

## 5.1 Поединечна гаранција

### Проверка на поединечна гаранција

- Кога економскиот оператор поднесува декларација, тој, исто така, треба да обезбеди соодветна поединечна гаранција.
- Царинската испостава каде декларацијата е поднесена, во овој случај ќе ја преземе улогата на гарантна царинска испостава.
- Гарантната царинска испостава го проверува обликот во кој гаранцијата е обезбедена.
- Кога гаранцијата е прифатена, истата се регистрира. Кога поединечната гаранција е обезбедена во облик на ваучери, гарантот се известува за РБГ и шифрата за пристап.

### Следење на поединечна гаранција

- Царинскиот орган треба да ја следи гаранцијата се додека таа не е ослободена.

### Ослободување поединечна гаранција

- Царинскиот орган ќе ја ослободи гаранцијата веднаш по гаснење на обврската за давачките или кога тие повеќе не може да се појават. Доколку ова се однесува само на дел од давачките, Царинскиот орган ќе го ослободи само соодветниот дел, а на барање на засегнатото лице.

## 5.2 Општа гаранција

### Проверка на општата гаранција

- Како што имавме можност да видиме претходно, за да може да биде во употреба општа гаранција, економскиот оператор мора претходно да биде овластен за тоа.
- При поднесување на царинска декларација, економскиот оператор ќе се повика на својата општа гаранција со обезбедување на соодветен РБГ број.
- Царинскиот орган ќе го провери постоењето и важноста на гаранцијата секој пат кога лицето ќе комуницира со РБГ.
- Царинскиот орган ќе го одреди делот од референтниот износ што се користи за оваа декларација/барање.

### Следење на општа гаранција

- Царинскиот орган треба да ја следи гаранцијата се додека таа не е ослободена.
- Царинскиот орган ги следи само деловите од референтниот износ кои се „во употреба".
- Во функција на видот на операција, Царинскиот орган ќе ја следи операцијата заснована на трансакција- (за постапки за пуштање во слободен промет и постапки на Заеднички транзит ) или заснована на пост-контрола (во сите други случаи).

**Ослободување на општа гаранција**

- Царинскиот орган ќе го ослободи соодветниот дел од референтниот износ веднаш по гаснење на обврската за давачките или кога тие повеќе не може да се појават.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*